**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 20 април 2018 година

## Соопштение за печат

## Монетарни движења во Република Македонија: март 2018 година

- **Паричната маса (монетарниот агрегат М4[1]),** во март, бележи благо месечно намалување од 0,2%. Остварувањето произлегува од намалувањето на депозитните пари[2] и краткорочните депозити, во услови на раст на долгорочните депозити и готовите пари во оптек. На годишна основа, паричната маса е зголемена за 7,6%, при што најголем придонес во растот имаат депозитните пари и долгорочните депозити коишто објаснуваат 92% од годишната промена.

- Во март, **вкупните депозити** на месечна основа бележат пад од 0,3%, како резултат на намалените депозити на корпоративниот сектор. Од друга страна, на годишна основа е остварен раст од 7,1%, којшто во поголем дел (71,1%) е резултат на зголемувањето на депозитите на домаќинствата.

Табела 1. Вкупни депозити и кредити на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2016 1) | 3.2017 | 6.2017 | 9.2017 | 12.2017 1) | 2.2018 | 3.2018 | 12.2016 1) | 3.2017 | 6.2017 | 9.2017 | 12.2017 1) | 2.2018 | 3.2018 | 2.2018 | 3.2018 |
| **Парична маса М4** | **351,222** | **344,729** | **347,157** | **350,513** | **369,882** | **371,581** | **370,961** | **6.1** | **4.2** | **7.8** | **6.4** | **5.3** | **7.4** | **7.6** | **1.7** | **-0.2** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Готови пари во оптек | 28,193 | 26,802 | 28,473 | 28,968 | 29,968 | 28,406 | 28,658 | 7.2 | 4.2 | 9.7 | 9.9 | 6.3 | 5.9 | 6.9 | 0.1 | 0.9 |
| **Вкупни депозити** | **321,888** | **317,720** | **318,426** | **320,952** | **339,314** | **341,043** | **340,135** | **5.7** | **4.2** | **7.6** | **6.0** | **5.4** | **7.0** | **7.1** | **1.4** | **-0.3** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 87,377 | 82,420 | 80,885 | 80,304 | 89,248 | 87,574 | 85,791 | 13.4 | 8.8 | 10.8 | 5.6 | 2.1 | 7.1 | 4.1 | 1.8 | -2.0 |
| Домаќинства | 217,394 | 217,554 | 219,505 | 221,570 | 230,744 | 232,708 | 233,485 | 2.5 | 1.8 | 6.5 | 5.6 | 6.1 | 6.4 | 7.3 | 1.2 | 0.3 |
| **Вкупни кредити** | **282,461** | **280,157** | **286,408** | **286,950** | **298,672** | **295,435** | **296,455** | **0.9** | **0.0** | **4.4** | **4.3** | **5.7** | **6.8** | **5.8** | **0.2** | **0.3** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 151,905 | 146,851 | 149,179 | 146,764 | 156,137 | 150,887 | 150,582 | -3.8 | -5.2 | 0.0 | -0.5 | 2.8 | 3.9 | 2.5 | -0.2 | -0.2 |
| Домаќинства | 129,321 | 132,080 | 136,034 | 138,951 | 141,232 | 143,165 | 144,491 | 7.0 | 6.6 | 9.5 | 9.8 | 9.2 | 9.9 | 9.4 | 0.6 | 0.9 |

1) Податоци согласно со завршната сметка

Извор: НБРМ.

- Во март кај **вкупните кредити** е забележана нагорна месечна промена од 0,3%, којашто во целост се должи на зголеменото кредитирање на секторот „домаќинства“. Годишниот кредитен раст изнесува 5,8% и во поголем дел произлегува од растот на кредитирањето на секторот „домаќинства“ (76,2%).

---

[1] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 е составен од монетарниот агрегат М1 заедно со краткорочните депозити, додека монетарниот агрегат М4 (паричната маса) покрај монетарниот агрегат М2 ги вклучува и долгорочните депозити. За подетално објаснување, види ја Методологијата: http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-bilansi-i-pregledi-na-depozitni-institucii.nspx

[2] Депозитните пари се однесуваат на тековните сметки кај банките и штедилниците и тековните сметки на останатите финансиски институции кај Народната банка.







Извор: НБРМ.

## 1. Депозити и кредити на корпоративниот сектор[3]




Извор: НБРМ.

– Во март, вкупните **депозити на корпоративниот сектор** на месечна основа се намалени за 2,0%, главно заради падот на денарските депозити. На годишна основа, депозитите се зголемија за 4,1%. Анализирано од аспект на валутната структура, придонес кон годишниот раст имаат девизните, но и денарските депозити (53,5% и 46,5%, соодветно).

– Кај **кредитите на корпоративниот сектор** во март е забележан месечен пад од 0,2%. Во услови на раст на денарските кредити, месечната промена во целост се објаснува преку намалувањето на девизните кредити. Споредено на годишна основа, остварен е раст на кредитната активност од 2,5%, како резултат на зголеменото денарско кредитирање, при намалено кредитирање во странска валута.

---

[3] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа јавните и приватните нефинансиски друштва.







Извор: НБРМ.

## 2. Депозити и кредити на домаќинствата[4]




Извор: НБРМ.

– Во март, вкупните **депозити на домаќинствата** забележаа месечен раст од 0,3%, којшто се должи на денарските депозити (главно долгорочни депозити и депозитни пари), при минимален пад на девизните депозити. Анализирано на годишна основа, остварена е стапка на раст од 7,3%, којашто произлегува од растот и на денарските и на девизните депозити, при поизразен придонес на депозитите во денари (62,2%).

– Кај вкупните **кредити на домаќинствата** е евидентиран месечен и годишен раст од 0,9% и 9,4%, соодветно. Притоа, нагорната промена на месечна и годишна основа е резултат на зголемената кредитна активност кон домаќинствата преку денарски кредити (учество во растот од 85,7% и 89,2%, соодветно).

[4] За потребите на ова соопштение, домаќинствата се однесуваат на физичките лица и самостојните вршители на дејност.







Извор: НБРМ.




Извор: НБРМ.

## Табела 2. Кредити на банките и штедилниците дадени на физичките лица, по намена

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2016[1)] | 3.2017 | 6.2017 | 9.2017 | 12.2017[1)] | 2.2018 | 3.2018 | 12.2016[1)] | 3.2017 | 6.2017 | 9.2017 | 12.2017[1)] | 2.2018 | 3.2018 | 2.2018 | 3.2018 |
| Потрошувачки кредити | 65,438 | 67,041 | 69,424 | 71,068 | 72,595 | 73,311 | 74,218 | 13.4 | 12.8 | 11.8 | 11.9 | 10.9 | 11.5 | 10.7 | 0.9 | 1.2 |
| Станбени кредити | 34,608 | 35,448 | 36,815 | 37,788 | 39,535 | 40,421 | 40,899 | 14.3 | 13.4 | 13.6 | 14.1 | 14.2 | 16.0 | 15.4 | 1.1 | 1.2 |
| Автомобилски кредити | 323 | 309 | 307 | 308 | 316 | 315 | 318 | -19.1 | -18.5 | -11.9 | -5.2 | -2.2 | 2.2 | 2.9 | 1.3 | 0.8 |
| Кредитни картички | 12,380 | 12,294 | 12,295 | 12,341 | 12,281 | 12,153 | 12,157 | 0.3 | 0.5 | -0.4 | -1.0 | -0.8 | -1.1 | -1.1 | -0.8 | 0.0 |
| Негативни салда по тековни сметки | 5,795 | 6,275 | 6,366 | 6,510 | 5,896 | 6,424 | 6,300 | 3.6 | 2.7 | 1.3 | 3.7 | 1.8 | 1.9 | 0.4 | -1.1 | -1.9 |
| Други кредити | 4,585 | 4,560 | 4,630 | 4,578 | 4,568 | 4,534 | 4,537 | 7.3 | 5.6 | 2.9 | 0.5 | -0.4 | -1.4 | -0.5 | 0.4 | 0.1 |

1) Податоци согласно со завршната сметка

Извор: НБРМ.

- Во март, од аспект на намената на кредитите одобрени на физичките лица, кај најзастапената категорија – **потрошувачките и станбените кредити,** е забележан идентичен месечен раст од 1,2%, соодветно, при годишен раст од 10,7% и 15,4%, соодветно. **Автомобилските кредити** во март бележат месечно и годишно зголемување од 0,8% и 2,9%, додека кредитите одобрени на **кредитни картички** се непроменети на месечна основа, а забележаа годишен пад од 1,1%. Овој месец, кај **негативните салда на тековните сметки** е евидентирано месечно намалување од 1,9%, при годишно зголемување од 0,4%. Во март, кредитите одобрени врз **други основи** остварија минимален месечен раст од 0,1%, додека на годишна основа забележаа намалување од 0,5%.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: Биланси и прегледи на депозитните институции, месечни податоци http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-bilansi-i-pregledi-na-depozitni-institucii.nspx

Методолошки појаснувања:
http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-bilansi-i-pregledi-na-depozitni-institucii.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Монетарни движења во Република Македонија: 21 мај 2018 година (референтен пресек заклучно со април 2018).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 110/108).